Macedonian

10 October



Менталното здравје во светот што се менува:
Mental Health in a changing World
Влијание на културата и разнообразноста (The Impact of Culture and Diversity)

Светскиот ден за ментално здравје 2007 (World Mental Health Day 2007) ќе го сврте вниманието кон тоа како културата директно влијае на менталното здравје. Културата има значајна улога на здравјето. Таа може сериозно да влијае на разбирањето и прифаќањето на менталните болести. На пример, во многу култури менталната болест се уште јавно се осудува – и ги приморува луѓето да живеат не сакајќи да си признаат дека страдаат од ментална болест или да бидат целосно исклучени од животот во заедницата.

Австралија е една од нациите во светот со најголема културна разнообразност, со повеќе од 200 етнички заедници. Според Австралискиот попис на населението од 2006 г. (Australian 2006 Census[1]), скоро 25% од вкупното население се родени во странство и значителен број од новопристигнатите доселеници се родени во земји погодени од војна и политички немири. Светската здравствена организација (World Health Organisation - WHO) проценува дека повеќе од 50% од доселениците низ светот имаат проблеми со менталното здравје – од хронични ментални растројства до трауми и страдање. Ова е позабележливо кај оние кои избегале од прогонување.

Доселувањето во друга земја често значи напуштање на семејството, пријателите и воспоставените мрежи, вклучувајќи ги здравствените услуги и услугите во заедницата кои помагаат да се развие отпорност и ментално здрава личност. Кога ќе пристигнат во новата татковина, некои доселеници често претрпуваат 'културен шок', кој може значително да влијае на нивното ментално здравје.

Покрај тоа што тие мора да се прилагодат на овие промени, нивното културно потекло исто така може да влијае на начинот на кој ја толкуваат менталната болест, реагираат и се соочуваат со неа. Културата може да влијае на начинот на кој луѓето го обележуваат и искажуваат страдањето; како ги објаснуваат причините за менталните здравствени проблеми; како ги прифаќаат службите за ментално здравје; и како го користат и реагираат на лекувањето на менталната болест.

Истражувањата покажуваат дека значителен број од доселениците во Австралија (вклучувајќи ги нивните семејства и негователи) не бараат помош за нивната ментална болест. Место тоа, тие се соочуваат со многу препреки при добивањето на здравствени услуги наменети за лица со ментални заболувања, вклучувајќи ги јазичните и културните бариери и совладување на срамот кој е поврзан со нивната ментална болест. Многу доселеници не само што се мачат заради тоа што не знаат доволно за услугите кои им стојат на располагање, туку исто така се приморани да се соочуваат со недостаток од културно соодветни услуги и недостаток од преведени материјали на теми во врска со менталното здравје.

Овие препреки ја влошуваат нивната ментална болест и тие делумно може да се надминат со користење на преведувачи и со прифаќање на културните разлики во објаснувањата и сфаќањата во врска со менталното здравје. Затоа, службите за ментално здравје мора да поттикнуваат понатамошни партнерства со клиентите и негувателите од различно културно потекло и да работат на разработување на национални стратегии кои ќе ја вклучуваат културата како фактор за да се остварат подобри резултати во областа на менталното здравје за клиентите и нивните семејства.

Повеќе информации

Multicultural Mental Health Australia (MMHA) е национална програма која ја финансира Австралиската влада и која тесно соработува со специјалистите за ментално здравје, клиентите и негувателите, групите за поддршка и високошколските институции на промовирање на спречување на ментални здравствени проблеми и самоубиства кај Австралијците од различно културно и јазично потекло [CALD-потекло] преку кампањи, помагала и информативни листови.

Телефонски број за контактирање на MMHA:
02 9840 3333,
факсимил: 02 9840 3388,
електронска пошта: admin@mmha.org.au,
Интернет страни: www.mmha.org.au

Австралискиот совет за ментално здравје (Mental Health Council of Australia - MHCA) е врвната, национална, не-владина организација која ги застапува и промовира интересите на австралискиот здравствен сектор за ментално здравје и која се обврзува да го подобри менталното здравје на сите Австралијци.

Телефонски број за контактирање на MHCA: 02 6285 3100,

електронска пошта: admin@mhca.org.au,

Интернет страни: www.mhca.org.au

multicultural MENTAL HEALTH AUSTRALIA

act belong commit

MENTAL HEALTH COUNCIL OF AUSTRALIA